*СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНАТА ШТИП*

| Службен гласник на Општината Штип Излегува по потреба | Број 14 5 октомври 2007 година Ш т и п | ГОДИНА XLIV |
|---|---|---|

230.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" број 5/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип" број 1/03), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОКОТ
ЗА ПРИФАЌАЊЕ НА ИНФОРМАЦИЈАТА
ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА НА
ШТИПСКО КУЛТУРНО ЛЕТО ´07

I

Се објавува Заклучокот за прифаќање на Информацијата за реализација на Програмата на Штипско културно лето ´07.

II

Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општината Штип".

Број 08-2961/2
4 октомври 2007 година
Ш т и п

Градоначалник
на Општината Штип,
Панде Сарев, с. р.

231.

Врз основа на член 49 став 1 и член 21 точка 35 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип" број 1/03), Советот на Општината Штип на седницата одржана на 28 септември 2007 година, донесе

З А К Л У Ч О К
ЗА ПРИФАЌАЊЕ НА ИНФОРМАЦИЈАТА
ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА НА
ШТИПСКО КУЛТУРНО ЛЕТО ´07

I

Се прифаќа Информацијата за реализација на Програмата на Штипско културно лето ´07.

II

Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општината Штип".

Број 0701-2961/1
28 септември 2007 година
Ш т и п

Претседател
на Советот на Општината Штип,
Драги Илиев, с. р.

232.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" број 5/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип" број 1/03), донесувам

## Р Е Ш Е Н И Е
## ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА
## ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

I

Се објавува Одлуката за доделување на финансиски средства.

II

Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општината Штип".

Број 08-2962/2
4 октомври 2007 година
Ш т и п

Градоначалник
на Општината Штип,
Панде Сарев, с. р.

233.

Врз основа на член 21 точка 25 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип" број 1/03) и член 2 од Правилникот за критериумите и постапката за реализација на трансвери до здруженија на граѓани, поединци, фондации, наменски дотации и еднократна парична помош на физички лица ("Службен гласник на Општината Штип" број 2/6), Советот на Општината Штип на седницата одржана на 28 септември 2007 година, донесе

# О Д Л У К А
# ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

Член 1

Се доделуваат финансиски средства на:

1. Здружението на телесно инвалидизираните лица-Штип за организирање на републичка средба на телесните инвалиди - 20.000,00 денари.
2. Учениците од Државниот училишен музички центар "Сергеј Михајлов"- Штип за учество на меѓународен натпревар во Република Бугарија и Република Србија:
   - Здравков Васко - 6.000,00 денари
   - Јованов Ненад - 6.000,00 денари
   - Лазаревски Горан - 6.000,00 денари
   - Ристов Горан - 6.000,00 денари
   - Белички Благоја - 6.000,00 денари
   - Иванова Бисера - 6.000,00 денари

Средствата под точка 2 да се исплатат по доставување на потврда или покана за учество.

3. Пчеларското друштво "Нектар"- Штип за организирање на вториот меѓународен фестивал на медот Апи Фест 2007 - Штип - 9.000,00 денари.

Член 2

Средствата од член 1 ќе се исплатат од Буџетот на Општината Штип за 2007 година.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општината Штип".

| | |
|---|---|
| Број 0701-2962/1 | Претседател |
| 28 септември 2007 година | на Советот на Општината Штип, |
| Ш т и п | Драги Илиев, с. р. |

234.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" број 5/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип" број 1/03), донесувам

# Р Е Ш Е Н И Е
# ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА
# ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА ЕДНОКРАТНА ПАРИЧНА ПОМОШ
# ЗА ПОСЛЕДИЦИ ОД ПОЖАР

I

Се објавува Одлуката за доделување на еднократна парична помош за последици од пожар.

II

Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општината Штип".

Број 08-2963/2
4 октомври 2007 година

Ш т и п

Градоначалник
на Општината Штип,

Панде Сарев, с. р.

235.

Врз основа на член 21 точка 25 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип", број 1/03) и член 2 од Правилникот за критериумите и постапката за реализација на трансвери до здруженија на граѓани, поединци, фондации, наменски дотации и еднократна парична помош на физички лица ("Службен гласник на Општината Штип", број 2/6), Советот на Општината Штип на седницата одржана на 28 септември 2007 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА ЕДНОКРАТНА ПАРИЧНА ПОМОШ ЗА ПОСЛЕДИЦИ ОД ПОЖАР

### Член 1

Се доделува еднократна парична помош за последици од пожар на:

1. Поп Арсов Богомил - 20.000,00 денари
2. Ефче Ѓурова - 20.000,00 денари
3. Деница Читкушева - 20.000,00 денари
4. Даница Чамушева - 20.000,00 денари
5. Тони Димовски - 20.000,00 денари

Паричната помош под точката 3 да се исплати кога ќе се достави потврдата од СВР-Штип за настанатиот пожар и настанатата материјална штета.

### Член 2

Средствата ќе се исплатат од Буџетот на Општината Штип за 2007 година.

### Член 3

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општината Штип".

Број 0701-2963/1
28 септември 2007 година

Ш т и п

Претседател
на Советот на Општината Штип,

Драги Илиев, с. р.

236.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" број 5/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип" број 1/03), донесувам

## Р Е Ш Е Н И Е
## ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕТО ЗА ФОРМИРАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ ПРЕТСЕДАТЕЛ И ЧЛЕНОВИ НА КОМИСИЈА ЗА МЕНТАЛНО ЗДРАВЈЕ

I

Се објавува Решението за формирање и именување претседател и членови на Комисија за ментално здравје.

II

Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општината Штип".

Број 08-2964/2
4 октомври 2007 година
Ш т и п

Градоначалник
на Општината Штип,
Панде Сарев, с. р.

237.

Врз основа на член 34, 35, 36 и 37 од Законот за ментално здравје ("Службен весник на РМ" број 71/06) и член 21 точка 31 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип" број 1/03) Советот на Општината Штип на седницата одржана на 28 септември 2007 година, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е
## ЗА ФОРМИРАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ ПРЕТСЕДАТЕЛ И ЧЛЕНОВИ НА КОМИСИЈА ЗА МЕНТАЛНО ЗДРАВЈЕ

1. Се формира Комисија за ментално здравје.
2. Комисијата ги врши следните работи:

- ја следи состојбата со заштитата на правата на лицата со ментална болест,
- разгледува поплаки од лица со ментална болест и предлага мерки до надлежните органи,
- предлага мерки за подобрување на условите за сместување и грижата на лицата со ментални болести до надлежните органи,
- помага во остварувањето на правото на жалба пред надлежните државни органи,
- го следи вклучувањето во заедницата и предлага мерки до надлежните органи,

- бара стручни мислења ако оцени дека е тоа неопходно за утврдување на определена состојба,
- води евиденција за својата работа и
- подготвува извештаи за состојбата со остварувањето на правата утврдени со овој закон и други прописи на лицата со ментална болест и ги доставува до Советот на Општината, односно Советот на градот Скопје и Министерството за здравство.

3. За претседател и членови на Комисијата се именуваат:

За претседател:

- **Цвета Давиткова**

За членови:

- **Валентина Дрмова**
- **д-р Ленче Пуздерлиска**
- **д-р Георге Костадинов**
- **Марина Јовановиќ**

4. Ова Решение влегува во сила наредниот ден од денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општината Штип".

Број 0701-2964/1
28 септември 2007 година
Ш т и п

Претседател
на Советот на Општината Штип,
Драги Илиев, с. р.

238.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" број 5/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип" број 1/03), донесувам

## Р Е Ш Е Н И Е
## ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОКОТ ЗА ПРИФАЌАЊЕ НА БАРАЊЕТО ОД "ИВАЛ-ТРЕЈД" ДОО - ШТИП ЗА ПРОМЕНА НА ДУП

I

Се објавува Заклучокот за прифаќање на Барањето од "Ивал-трејд" доо Штип за промена на ДУП.

II

Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општината Штип".

Број 08-2965/2
4 октомври 2007 година
Ш т и п

Градоначалник
на Општината Штип,
Панде Сарев, с. р.

239.

Врз основа на член 21 точка 35 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип" број 1/03), Советот на Општината Штип на седницата одржана на 28 септември 2007 година, донесе

## З А К Л У Ч О К
## ЗА ПРИФАЌАЊЕ НА БАРАЊЕТО
## ОД "ИВАЛ-ТРЕЈД" ДОО - ШТИП
## ЗА ПРОМЕНА НА ДУП

I

Се прифаќа Барањето од "Ивал-трејд" доо Штип за промена на ДУП со следниот **заклучок**:

- Барањето од "Ивал-трејд" доо Штип да биде вметнато во промената на Деталниот урбанистички план за Индустриска зона "Север", со кофинансирање на барателот.

II

Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општината Штип".

Број 0701-2965/1
28 септември 2007 година

Ш т и п

Претседател
на Советот на Општината Штип,

Драги Илиев, с. р.

240.

По извршеното срамнување со изворниот текст е утврдено дека во Одлуката за давање согласност на Одлуката на Управниот одбор на ЈП "Исар"-Штип за цената за собирање и депонирање на смет кај правни и физички лица ("Службен гласник на Општината Штип" број 04/07) има печатна грешка, поради што се дава следната

## И С П Р А В К А

Во член 2 од Одлуката за давање согласност на Одлуката на Управниот одбор на ЈП "Исар"-Штип за цената за собирање и депонирање на смет кај правни и физички лица ("Службен гласник на Општината Штип" број 04/07), наместо "19 март" треба да стои "27 март".

Број 0701-1127/3
1 октомври 2007 година

Ш т и п

Раководител
на Одделението за правни
и општи работи

Кирил Фичорски, с. р.

241.

Врз основа на член 19-а став 5 од Законот за јавните претпријатија ("Службен весник на РМ" број 38/96, 6/02, 40/03, 49/06 и 22/07), член 50 став 1 точка 9 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" број 5/02) и член 36 став 1 алинеја 5 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип" број 1/03), градоначалникот на Општината Штип, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е
## ЗА ИМЕНУВАЊЕ ВРШИТЕЛ НА ДОЛЖНОСТА ДИРЕКТОР НА ЈП "ШТИП-ПРОЕКТ"-ШТИП

1. За вршител на должноста директор на ЈП"Штип-проект"-Штип се именува **Илија Наков** вработен во претпријатието.
2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува од 11 ноември 2007 година и ќе се објави во "Службен гласник на Општината Штип".

Број 04-2982/1
2 октомври 2007 година

Ш т и п

Градоначалник
на Општината Штип

Панде Сарев, с. р.

## С О Д Р Ж И Н А


| Р.б. | | страна/број |
|---|---|---|
| 230. | Решение за објавување на Заклучокот за прифаќање на Информацијата за реализација на Програмата на Штипско културно лето ´07 | 277/14 |
| 231. | Заклучок за прифаќање на Информацијата за реализација на Програмата на Штипско културно лето ´07 | 277/14 |
| 232. | Решение за објавување на Одлуката за доделување на финансиски средства | 278/14 |
| 233. | Одлука за доделување на финансиски средства | 278/14 |
| 234. | Решение за објавување на Одлуката за доделување на еднократна парична помош за последици од пожар | 279/14 |
| 235. | Одлука за доделување на еднократна парична помош за последици од пожар | 280/14 |
| 236. | Решение за објавување на Решението за формирање и именување претседател и членови на Комисија за ментално здравје | 281/14 |
| 237. | Решение за формирање и именување претседател и членови на Комисија за ментално здравје | 281/14 |
| 238. | Решение за објавување на Заклучокот за прифаќање на Барањето од "Ивал-трејд" доо Штип за промена на ДУП | 282/14 |
| 239. | Заклучок за прифаќање на Барањето од "Ивал-трејд" доо Штип за промена на ДУП | 283/14 |
| 240. | Исправка | 283/14 |
| 241. | Решение за именување вршител на должноста директор на ЈП "Штип-проект"-Штип | 284/14 |